РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судиро на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и членот 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот ----------------------, на 41-та седница одржана на 11.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 13.02.2020 година поднесена од од Кичево до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1089/1 од 13.02.2020 година.

Предметот со број 12-1089/1 од 13.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлука со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложениеото, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-1089/1 од 13.02.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ---------------------.

Во пријавата се бара од ДКСК да даде правен совет во однос на граѓанско правен настан поврзан со утврдување на делумна ништовност на договорот за купопродажба на недвижен имот склучен помеѓу ---------------- како полномошник на покојниот -------------, во својство на продавач и ------------------- во својство на купувач, заверен под ОДУ бр. 152/04 од 03.09.2004 година кај нотар ---------------- од Кичево и тоа за ½ идеален дел сопственост на продавачот -------------------, и тоа за КП бр.3673/1 на мв "Град" површина од 67м2, двор во површина од 500м2, нива во површина од 207 м2 под објект земјиште во површина од 36м2. Имено, лицето ----------------- во тешка здравствена состојба, за време на својот живот, со полномошно ја овластил својата внука да го продаде неговниот недвижен имот, која го продала имотот на ----------------------. По смртта на продавачот, негови блиски роднини, инаку внуци на неговиот покоен брат, убедени и знаејќи дека покојникот не оставил никакво полномошно, повеле судска постапка пред Основниот суд Гостивар за нишовност на склучениот договор за купопродажба на имотот. Основниот суд Гостивар постапил по поднесено тужбено барање и донел Пресуда во 2008 година со која тужбеното барање било одбиено како неосновано. Незадоволните странки изјавиле жалба до Апелациониот суд

Гостивар, кој постапил по жалбата и донел Пресуда ГЖ бр. 550/2012 од 30.05.2013 година, со која ја преиначил Пресудата на Основниот суд Гостивар и пресудил на начин што го усвоил тужбеното барање на тужителите и утврдил делумна ништовност на наведениот договор за купопродажба. Против Пресудата на Апелациониот суд Гостивар, пријавителот -------------- изјавила ревизија пред Врховниот суд, кој ревизијата ја отфрлил како недозволена поради тоа што тужителот не ја определил вредноста на предметот на спорот во смисла на член 33 став 2 од Законот за парнична постапка.

Дополнително, пријавителот доставил Претставка до Министерството за правда, за преиспитување на работата на судските органи во конкретниот случај, кое истата ја доставило до Судскиот совет на Р. Северна Македонија на надлежно постапување. Судскиот совет направил извиди и при тоа констатирал дека судиите постапиле согласно своите законски надлежности и овластувања предвидени со одредбите од Законот за парничната постапка. Наводите во претставката како жалбени наводи биле разгледани во повиските судови и пријавителот ги искористил сите расположливите правни средства за побивање на пресудата. Согласно одредбите од Законот за судовите, судиите одлучуваат непристрасно со примена на законот, врз основа на слободна оценка на доказите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, согласно член 13 став 3 од Законот за судовите.Советот по расправање по преставката констатрал дека истата е неоснована, а постапувањето на судиите не може да се подведе под нестручно и несовесно вршење на судската функција и нема елементи за поведување на постака за утврдување одгвоорност на судија.

При разгледување на наводите содржани во пријавата и придружната документација, ДКСК констатира дека се работи за судски предмет во кој согласно закон постапиле судските органи кои извеле докази, ја утврдиле фактичката состојба и донеле пресуди, додека пријавителот ги искористил сите расположливите правни средства за побивање на пресудата. Дополнително, пријавителот доставил и претставка до Судскиот совет на Р.Северна Македонија кој како надлежен орган, извршил извиди и утврдил дека во конкретниот случај нема елементи за несовесно и нестручно постапување вршење на судската функција. Оттаму, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот се затвора и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**